# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXV

На 21.06.2012 година, Министерот за труд и социјална политика, г-дин Спиро Ристевски и Градоначалникот на Општина Радовиш, д-р Роберт Велков го пуштија во употреба новиот објект на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш



Скопје, јуни 2012 г.

## СОДРЖИНА

2 страна
***Истражување на ЕАСПД***

3 страна
***Отворен новиот објект на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш***

4 страна
***- Работилници за SWOT анализа***
***- "Заедно за подбора иднина"***

5 и 6 страна
***ПОРАКА: Отворете ги прозорците кон општина без дискриминација***

7, 8 и 9 страна
***Резолуција за човекови права, начин за излез од кризата***

10 и 11 страна
***Посебен фокус: Правата на децата за сите!***

12 страна
***Реална плата за реална работа***

13 страна
***Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***

14 и 15 страна
***Социјални активности на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА***

16 страна
***Наша страница***
***Текот на процесот на адаптирање и реновирање на новиот објект за дневен центар - ПОРАКА Рдовиш***

***"ПОРАКА"***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Јуни 2012 год. Број 2, год. XXV**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

## Вовед

### Истражување на Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост - ЕАСПД

## *Инклузијата е решение, а не непријател*

*Истражувањето покажува дека постои споделено гледиште дека кризата има повеќестрано влијание бидејќи влијае врз долгорочните стратегии, годишните работни планови, како и операционалните програми во однос на обезбедувачите на сервисни служби за лица со попреченост.*

Во јануари 2012, ЕАСПД направи анкета помеѓу своето членство за влијанието на финансиската и економска криза врз секторот за попреченост, особено во однос на обезбедувањето сервисни служби за лицата со попреченост.

Анкетата беше направена од организации членки на мрежата на ЕАСПД. Добиените одговори дадоа моќен доказ за големото негативно влијание од кризата. Анкетираните организации опфатија широка географска област, поточно 18 земји. Опфатени беа држави членки на ЕУ и соседни земји (Македонија, Молдавија, Норвешка), односно претставници од сите региони на Европа.

Организациите членки на ЕАСПД покажаа дека кризата влијае врз:

- Долгорочните стратегии за попреченост (59%);
- Годишните планови и програми во однос на попреченоста (69%);
- Операционалните програми во однос на обезбедувачите на сервисни служби за лица со попреченост (72%).

Значајни намалувања се забележани во јавниот буџет за социјални сервисни служби во 2011 година: до минус 80% во јавниот буџет, а што е наменето за сервисни служби на локално или регионално ниво (во 2011 наспроти 2010 година).

Сепак, треба да се забележи дека најголемиот број на испитаници забележале влијание на кризата врз долгорочните стратегии за попреченост. Таа бројка покажува дека важноста која владите ја даваат на прашањата околу попреченоста се намалува. Тоа сериозно ќе ги поткопа постоечките и планирани активности околу Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост и Стратегијата на ЕУ за попреченост.

ЕАСПД е убедена дека е потребна политичката агенда за заштита и развој на инклузијата, која ќе биде поддржана од високо квалитетни сервисни служби. Веруваме дека тоа е во согласност со пристапот за човекови права, а истовремено и позитивен придонес за финансиската криза. Тоа е двојна инвестиција. Поради тоа, ги повикуваме властите во ЕУ да ги користат своите статутарни надлежности со цел да го олеснат овој пристап.

ЕАСПД ги повикува креаторите на политики за поддршка на инфраструктурата за да се подготви нашата иднина и да се спречи повторна институционализација. ЕАСПД смета дека дадената помош во секторот за социјална грижа ќе помогне и на општеството и дека преку поддршката на секторот за социјална грижа ќе поттикне двократен одговор на кризата!

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Успешна реализација на процесот за адаптирање, реновирање и опремување на новиот објект

# Отворен новиот објект на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш -

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА е активно вклучена во создавањето на услови за спроведување на реформскиот процес на деинституционализација во Република Македонија односно превенција од институционализација преку оформување на алтернативни сервисни служби за поддршка на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во местото на живеење. Активностите во оваа област се насочени во два правци: кон одржување на континуитет во работата на оформените социјални сервисни служби (дневни центри) за лица со интелектуална попреченост и кон создавање на услови за промовирање на други видови на сервисни служби.

Еден од дневните центри, во рамките на мрежата на РЦПЛИП – ПОРАКА, е и дневниот центар на ПОРАКА во Радовиш. Овој дневен центар од неговото оформување пред десетина години, па се до денес, опстојуваше во дотраена монтажна барака која во изминатите неколклу години во повеќе наврати претрпуваше санации и адаптации со цел да се обезбеди соодветен простор во кој непречено ќе може да се реализираат програмските содржини. Во 2010 година, Општина Радовиш на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш му додели простории – објект од цврста градба, кој со соодветна адаптација, реновирање и опремување прерасна во соодветен дневен центар.

За таа цел, РЦПИЛП – ПОРАКА заедно со ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш, а во соработка со локалната власт во Општина Радовиш (градоначалникот д-р. Роберт Велков и Советот на Општина Радовиш) во изминатиот период успешно соработуваа во реновирање и опремување на новиот објект наменет за дневниот центар на ПОРАКА во Радовиш.

**Објектот свечено го пуштија во употреба Министерот за труд и социјална политика, г-дин Спиро Ристовски, и градоначалникот на Општина Радовиш, д-р. Роберт Велков на 21.06.2012 година.**

Адаптацијата на објектот, реновирањето и опремувањето го поддржаа: Општина Радовиш, РЦПЛИП - ПОРАКА, Рудник “Бучим” - Радовиш, компанијата “Детонит” - Радовиш и неколку фирми од Радовиш со донации во градежни материјали, како и Институтот за човекови права “Лудвиг Болцман” преку проект финансиран од Austrian Development Cooperation и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија. РЦПЛИП - ПОРАКА обезбеди донации за реновирањето од Inclusion Ireland и од Македонската Амбасада во Хаг - Холандија и Амбасадорот Никола Димитров.

Во наредниот период следуваат активности за уредување на дворното место, со што ќе се заокружи целата активност во однос на оваа сервисна служба.









## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Одржани работилници за SWOT анализа на локалните организации и сервисните служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

Една од програмските цели и задачи на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА е координација и стручно-методолошка поддршка на локалните организации и сервисните служби. Од тие причини, и оваа година, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА побара од локалните организации, како и од сервисните служби што ги менаџира, да изготват SWOT анализи за организациите и сервисните служби (дневните центри). SWOT анализата е алатка која е мошне корисна за проценување на актуелната состојба внатре во организацијата, со сите нејзини предности и слаби страни, но и можностите и заканите кои доаѓаат од опкружувањето во кое таа организација делува. Оваа алатка, доколку реално и објективно се изготви, претставува солидна основа за подготвување на реални и ефективни акциони планови на организацијата, како и изнаоѓање на начини за подобрување и надминување на слабите страни на организацијата.

Локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА, на состаноци на управни одбори детално ги разгледаа и дискутираа за состојбите во нивните организации, па врз основа на донесените заклучоци ги изготвија SWOT анализите.

По изготвувањето на овие SWOT анализи се одржаа три работилници за нивно детално разработување. Работилниците се одржаа во текот на три дена во просториите на РЦПЛИП – ПОРАКА, при што локалните организации беа поделени во три различни групи. Ваквиот начин на водење на работилниците даде доволно време за презентирање на реалните состојби, а истовремено овозможи и да се разговара за понатамошните активности на секоја локална организација и сервисна служба.

На работилниците секој од учесниците имаше можност да ја презентира SWOT анализата, но и да презентира активности кои во моментот се актуелни во нивните организации, како и активности кои треба да се преземат но наредниот период. Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА, како и останатите учесници, по завршувањето на секоја презентација, даваа забелешки и совети во однос на работењето на секоја од локалните организации и сервисните служби, притоа истакнувајќи ги и позитивните примери на успешно работење.

Овие работилници имаа за цел консолидирање на активностите и работата на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА и дневните центри кои ги менаџира. Тоа е од особено значење токму во овој период бидејќи ќе треба сами да се изборат за соработката односно партнерски односи со локалните власти и активно да придонесуваат за унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во местото на живеење.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Реализација на проектот “Заедно за подобра иднина”

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Демир Хисар успешно ја продолжува соработката со Црвен крст Демир Хисар, пред се, со младите волонтери кои се вклучуваат во активностите на оваа организација.

Во соработка со СОУ “Крсте Петков Мисирков”, Црвениот крст на Демир Хисар, Домот на културата “Илинден”, под покровителство на Градоначалникот на Општина Демир Хисар, а со учество на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, беше спроведен проектот “Заедно за подобра иднина”. Целите на проектот беа афирмирање на хуманите вредности и распознавањето на разликите на две одделни култури преку изложба на традиционалната кујна, поттикнување на младите луѓе да се хранат здраво и презентација на ликовни творби.

Завршниот настан на проектот се одржа на 2.03.2012 година во Домот на културата “Илинден” во Демир Хисар, на кој учество зедоа учениците од СОУ “Крсте петков Мисирков” и од ОУ “Гоце Делчев” кои ги подготвија штандовите на младите од Црвениот крст, потоа презентацијата на традиционална и здрава храна, и изложбата на ликовните творби.




Свој штанд со промотивен материјал имаше и ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар, на кој беше презентиран и Алманахот на литературни творби по распишани конкурси во периодот 2007 – 2010 година.

Собраните средства од продажбата на подготвените производи беа донирани за Анета Китановска од с.Куретино, лице со интелектуална попреченост и член на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар.

## Партнерства во рамките на програмата “Активни граѓани”

# Завршни активности во рамките на проектот “ПОРАКА: Отворете ги прозорците кон општина без дискриминација”

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, Здружението “Отворете ги прозорците” и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Општина Карпош одржаа уште една активност во рамките на програмата Активни граѓани во просториите на Кинотека на Македонија.

На настанот беа претставени активностите кои ги спроведоа учениците од четирите основни училишта кои беа опфатени со овој проект. Учениците од ООУ “Јан Амос Коменски” преку видео презентација ги претставија работилниците кои ги спроведоа заедно со корисниците на дневниот центар на ПОРАКА во Скопје. Мотото на двете работилници беше: “Разликите нé зближуваат”. ООУ “Петар Поп Арсов” прикажа снимено интервју со дете со Даунов синдром кое говори за случки од неговиот живот. Учениците од ООУ “Димо Хаџи Димов” со своите презентации ги пренесоа следните пораки: Отворени врати на училиштето и отворени срца за сите; Нашите срца се отворени, во Димо Хаџи Димов дискриминација нема. ООУ “Лазо Трповски” се претстави со песна која ја напишаа и компонираа ученици од ова училилиште. Песната носи наслов “Под ова сонце исти сме”.

Завршното заедничко дружење со учесниците во проектот “ПОРАКА: Отворете ги прозорците кон општина без дискриминација”, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, Здружението “Отворете ги прозорците” и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Карпош го одржаа во просториите на Општина Карпош. Настанот започна со изведба на детската химна “Под ова сонце исти сме” напишана и компонирана од учениците од ООУ “Лазо Трповски”. Потоа следеше доделување на благодарници на четирите основни училишта кои учествуваа во проектот, потоа на Јована Тренчевска, советник во



Министерството за труд и социјална политика, Кинотека на Македонија и СУГС “Никола Карев” кои дадоа своја поддршка во реализацијата на овој проект.

Активностите кои се спроведоа под мотото “ПОРАКА: Отворете ги прозорците кон општина без дискриминација” имаа за цел да ги запознаат учениците од четирите основни училишта со Законот за спречување и заштита од дискриминација и да се поттикнат младите да размислуваат и да делуваат во духот на активно граѓанство.

На 9-ти мај, Британскиот Совет во Македонија беше домаќин на завршна конференција во рамките на проектот “Јакнење на европските граѓани” на којашто се презентираа реализирани активности од десетина европски земји. На оваа конференција се презентираше и проектот “ПОРАКА: Отворете ги прозорците кон општина без дискриминација”, како успешно реализиран проект во Република Македонија.





**Преземен текст од “Урбан”, број 16, мај 2012 година**

# Под ова сонце исти сме

*Интервју со професор Билјана Костова*
*Пишува: М. Раденковиќ*

*Лично сум убедена дека само преку проектите каков што е “ПОРАКА: Отворете ги прозорците кон општина без дискриминација” . младите и не само нив, ќе ги поттикнеме да размислуваат и да дејствуваат во духот на активното граѓанство*

Со доделување на пофалници и пригодни подароци, кон средината на изминатиот месец во просториите на Општина Карпош се случи завршниот чин од проектот “ПОРАКА: Отворете ги прозорците за општина без дискриминација”. Истиот започна да се реализира во февруари 2011 година во гимназијата “Никола Карев” и во основните училишта во Карпош, а со цел учениците, раководниот и наставниот кадар, населението од Карпош, да се запознаат со Законот за спречување и заштита од дискриминација, со Законот за еднакви можности, како и младите да се поттикнат да размислуваат и да дејствуваат во духот на активното граѓанство. Во неговата реализација учествуваа: Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Општина Карпош, Здружението на граѓани “Отворете ги прозорците” и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.

Тоа беше и повод на страниците на “Урбан” да ни гостува г-ѓа Билјана Костова, професор по македонски јазик и литература во гимназијата “Никола Карев”, една од главните носители на оваа благородна активност.

- Без сомнение, овој проект заслужува таков епитет, бидејќи со неговата реализација беа остварени клучните цели во сферата спречување и заштита од дискриминација во нашата општина. Станува збор за дел од меѓународен проект кој е поддржан од Британскиот совет, а во кој, во нашата земја беа вклучени споменатите невладини организации, Министерството за труд и социјална политика, гимназијата “Никола Карев” и повеќе основни училишта. Интересно е да се каже дека пред да се впуштиме во негова реализација бевме на шестмесечна едукација во рамките на која бевме на практична обука во Братфорд (Велика Британија).



Нашиот проект беше највисоко оценет, а ние укажаната доверба ја потврдивме реализирајќи го преку театарска претстава и низа други активности. Со група ученици од нашата гимназија: Васко Костовски, Ребека Леви, Надица Христова, Матеј Георгиевски, Ангела Стојоска и Александра Спасовска, а по текст на Благица Бајиќ, направивме пиеса за случувањата во едно семејство во кое има и лице со посебни потреби. Прототип на главната хероина ни беше ученичката Ема Ананиевска, една прекрасна девојка со целосно оштетен вид, девојка која покрај останатото, го има освоено првото место на музички натпревар по пијано во Гевгелија. Преку нејзиниот пример е покажано со какви се пречки се соочуваат родителите на дете со посебни потреби.

Претставата ја изведовме пред учениците и наставниците на повеќе училишта и презадоволни сме од одзивот, а на овој начин многу ученици поттикнавме, со свои проекти, да се вклучат во оваа сфера на општественото живеење. Користам можност посебно да ги пофалам ученичките од ОУ “Лазо Трповски”, кои во нашиот проект се вклучија така што за три дена компонираа една прекрасна песна. Истата – детската химна “Под ова сонце исти сме” ја интерпретираа на завршната манифестацијаод овој проект.

Би ги истакнала и видео проектот на три ученички од ОУ “Петар Поп Арсов” направен во вид на интервју со дете со Даунов синдром и успешната работилница на учениците од ОУ “Јан Амос Коменски”. Треба да се истакне и видео записот на учениците од ОУ “Димо Хаџи Димов”, кој помеѓу останатото, зборува за прошетка на дете со Даунов синдром во Зоолошката градина и за тоа како на неговото расположение позитивно влијаат некои животни. На работилницата во “Коменски” учениците, цртаа, пишуваа песни и состави на тема “Спречување и заштита од дискриминација”.

Како што можете и самите да видите, на завршната свеченост, благодарници и скромни подароци им врачивме и на г-ѓа Јована Тренчевска, советник во Министерството за труд и социјална политика и на Кинотека на Македонија, со чија несебична помош беа реализирани содржините од нашиот проект.

Се разбира, треба да се истакне и помошта и поддршката на општината Карпош и градоначалникот Стевче Јакимовски кои имаат слух за вакви проекти. Инаку, за реализација на проектот се потрошени нешто повеќе од 120.000 денари, донирани од Британскиот совет.

Важно е да се каже, нагласи професорката Костова, дека со моите колешки Маја Гацоска од ПОРАКА и Магдалена Димкова од “Отворете ги прозорците” ќе продолжиме со работа на некој нов проект, се разбира во истата сфера. Лично сум убедена дека само така младите, и не само нив, ќе ги поттикнеме да размислуваат и да дејствуваат во духот на активното граѓанство.

## Активности на Европскиот форум за попреченост (ЕДФ)

# Резолуција за човекови права, начин за излез од кризата

***15-тото годишно Генерално собрание на Европскиот форум за попреченост (ЕДФ) го донесе целото движење за попреченост во Копенхаген. Меѓу сите суштински точки, 170-те учесници се фокусираа на тоа како да осигураат дека ЕУ ќе пружи резултати во однос на стратегијата за попреченост 2010-2020. Покрај тоа, мерките за штедење, како никогаш порано, сега предизвикуваат алармирачки ситуациии за лицата со попреченост во Европа. Движењето за попреченост усвои резолуција за човековите права како излез од кризата; пет недели пред Самитот на ЕУ на кој фокусот ќе биде ставен на растот и развојот. Целта на оваа резолуција е да се обезбеди дека носителите на одлуки на ниво на ЕУ ќе ги вклучат 80-те милиони лица со попреченост во стратегијата за раст и развој.***

Значајните одредби од резолуцијата се фокусираат на суштинските прашања кои ќе бидат опфатени на Самитот на ЕУ во јуни. ЕДФ бара од носителите на одлуки на ниво на ЕУ да ги постават основите за нов договор за Европа, да се промовира одржлив раст за сите, да се користи пристапноста како поттик за иновации во дизајнирањето на ИКТ апарати и сервисни служби за целосна имплементација на Дигиталната агенда за Европа. Исто така, неопходно е да се развие и да се модернизира пристапната инфраструктура.

ЕДФ ветува дека ќе ги користи структурните фондови за поддршка на основните права за лицата со попреченост, вклучително и преку одржување на ex-ante условите. Резолуцијата воедно нагласува како вработувањето може да се поттикнува преку развојот на одржливи сервисни служби кои промовираат самостојно живеење за сите лица со попреченост, како и живот во заедницата.

### Резолуција за човекови права, начин за излез од кризата

- Потсетувајќи дека има 80 милиони лица со попреченост во Европската унија (16% од населението), и дека секој четврти Европеец има член во семејството со попреченост;

- Истакнувајќи дека пред финансиската криза, а поради недостаток на мерки за да се обезбеди еднаков пристап до вработување и образование, лицата со попреченост се со два до три пати поголема веројатност да бидат невработени отколку лицата без попреченост; што е поголем степенот на попреченост, толку е пониско учеството во трудовата сила. Само 20% од лицата со тешка попреченост, споредено со 68% од оние без попреченост, имаат работа. Лицата со попреченост се со помала веројатност да постигнат трет степен на образование како и лицата без попреченост. 38% од лицата со попреченост на возраст од 16 – 34 години низ цела Европа имаат заработено приходи, во споредба со 64% од лицата без попреченост. Приходите на лицата со попреченост се многу помали во споредба со приходите на лицата без попреченост;

- Потсетувајќи дека лицата со попреченост не се одговорни за кризата и дека треба да се воспостават механизми, на ниво на ЕУ и на меѓународно ниво, за да се спречи понатамошна штета предизвикана од шпекуланти или неодговорен финансиски менаџмент од страна на банките и владите;

- Потсетувајќи дека согласно бројките на ЕУ, 80 милиони лица во Европа се изложени на ризик од сиромаштија, дека повеќе од 5 милиони лица ја изгубиле својата работа, а со тоа се јавува 10% зголеменост во стапките за невработеност во некои земји на ЕУ;

- Со оглед дека лицата со попреченост и нивните семејства несразмерно тешко се погодени од кризата;

- Изразувајќи жалење дека Пактот за стабилност го занемарил влијанието на мерките за штедење врз правата на лицата со попреченост;

- Изразувајќи жалење за недостигот на долгорочна визија за национални реформи фокусирани на непосредното обновување на даноците кои најмногу ги засегнаа ниските и средни примања, како и сервисните служби за населението во неповолна ситуација, и поткопувајќи го консолидирањето на Европскиот социјален модел заснован на социјална инклузија;

- Прифаќајќи дека мерките за опоравување ги занемариле значајните придонеси за раст и вработувањето кое можат да го дадат лицата со попреченост;

- Обвинувајќи дека тековните економски и социјални политики усвоени од државите членки и од Европската унија довеле до зголемување во бројот на лица кои искусуваат социјално исклучување во Европа;

- Забележувајќи дека драматичното намалување на субвенциите за образование и вработување на лицата со попреченост, зголемувањето на невработеноста и откажувањата од училиште, намалувањето на субвенциите за превоз и сервисни служби за лицата со попреченост, вклучително и здравствените услуги, попречувајќи им го на лицата со попреченост правото да живеат самостојно и да учествуваат во општеството;

- Алармирани од влошувањето на животниот стандард на лицата со попреченост кои се соочуваат со вистинска закана по нивните социјални права, вклучувајќи и намалувања во бенефитие и сервисните служби;

продолжува →

# Активности на Европскиот форум за попреченост (ЕДФ)



- Увидувајќи ја потребата за следење и како одговор на причините кои стојат позади драматичното зголемување на очајните дела како на пример самоубиство, каде лицата со психосоцијални попречености е јасно дека предничат;

- Алармирани од зголемувањето на дискриминацијата против лицата од етничките малцинства, како и имигранти, а особено лица со попреченост од овие групи;

- Прифаќајќи дека ЕУ е далеку од целите на Европа 2020 и дека ќе биде невозможно да се постигнат истите, без придонес на европските граѓани со попреченост кои претставуваат 16% од населението;

- Алармирани од намалувањето на капацитетот на организациите на лица со попреченост да учествуваат во демократските процеси, а со тоа намалувајќи го квалитетот на европските демократии;

- Истакнувајќи го недостигот на доверба кај европските граѓани во нивните национални влади и во европските институции;

- Потсетувајќи дека со ратификувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост од страна на ЕУ и 23 држави членки, тие се обврзани да се воздржуваат од делувањето во било кој акт на практика кој не е во согласност со оваа Конвенција и мора да обезбедат дека јавните власти и институции делуваат во согласност со Конвенцијата;

- Потсетувајќи дека еднаквоста е основно право во договорите, но сега треба да се имплементира во практика преку нејзино вклучување во сите релевантни одлуки на ниво на ЕУ вклучително и јавните финансии и мерките за раст и развој;

- Потсетувајќи дека согласно член 3.3. од Договорот на Европската унија, Унијата ќе делува за одржлив развој на Европа, врз основа на урамнотежен економски раст и стабилност на цените, високо конкурентна социјална пазарна економија, и ќе се насочува кон вработување и социјален напредок и високо ниво на заштита и унапредување на квалитетот на средината;

- Изразувајќи жалење дека институциите на ЕУ не презеле конкретни акции и мерки да ги заштитат лицата со попреченост од реперкусии од кризата и осудувајќи го однесувањето и практиките на државите членки што не ги исклучиле лицата со попреченост и нивните семејства од мерките за штедење;

- Земајќи ги предвид дискусиите за време на неформалната вечера на европските шефови на влади и држави на 23-ти мај во Брисел, а во поглед на претстојниот Европски Самит во јуни, Европскиот форум за попреченост ги повикува:

- Европскиот Совет,
- Советот на Европската унија,
- Европската комисија,
- Европскиот парламент,
- Европската централна банка,
- Меѓународниот монетарен фонд,
- Светската банка,
- и сите Влади на Европа

- Отсега па натаму, да воведат построга регулатива која ќе спречи повторно случување на вакви настани;
- Да воспостави основа на нов договор за Европската унија, промовирајќи одрлжив развој за сите, и враќање на основните права, инвестирање во вредноста на своите граѓани, започнувајќи од оние кои се најмногу изложени на последиците од кризата;
- Да прифатат дека еднаквоста е предуслов за идниот просперитет, во други услови на раст, како што се спроведува од ЕУ и нејзините држави членки;

## Резолуција за човекови права, начин за излез од кризата

- Да бидат чувари на општото добро како и на имплементацијата на обврските кои потекнуваат од човековите права;
- Да го признаат придонесот од граѓаните со попреченост како трудова сила, како потрошувачи и како носители на права, и придонесот кој го прават за добросостојбата и растот на општеството;
- Да ги штитат суштинските вредности и правата на луѓето, како што тие се пропишани во Европската повелба за основни права и во Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост преку создавање на нови можности за дијалог, размена и иновации;
- Да ја ратификуваат, за оние кои тоа не го сториле до сега, и да ја имплементираат Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост и нејзиниот факултативен протокол и да обезбедат соодветен стандард на живеење за лицата со попреченост.
- Да се имплементира стратегијата “Европа 2020” на Европската унија вклучувајќи го и третиот столб, социјалната инклузија, со цел да излезе Европа од кризата;
- Да се развиваат мерки со цел да се обезбеди пристап за лицата со попреченост до редовниот пазар на трудот, вклучително и преку индивидуализирани сервисни служби за поддршка;
- Да се покаже разноликост на социјалните системи засновани на целите за заштита на лицата и нивно оспособување да бидат граѓани во вистинска смисла;
- Да се унапредува вработувањето преку развој на одржливи сервисни служби кои промовираат самостојно живеење за сите лица со попреченост, како и живеење во заедницата, и воедно да се даде поддршка за образованието;
- Да се даде поддршка на лицата со попреченост и нивните семејства за да се осигура нивното учество во општеството;
- Да започнат отворен и конструктивен дијалог со организациите кои ги застапуваат/претставуваат лицата со попреченост на сите нивоа;
- Веднаш да започнат со промовирање на развојот и модернизацијата на пристапна инфраструктура, транспорт, добра и сервисни служби, да се унапреди образованието, вработувањето, пристапот до културата и учеството на лицата со попреченост во општеството;
- Да се користи пристапноста како поттикнувач за иновации во дизајнирањето на ИКТ апарати и сервисни служби за целосна имплементација на Дигиталната агенда за Европа, а европската индустрија да предничи во процесот на истражувањата за дигиталната пристапност и пазарите низ целиот свет;
- Да се користи законодавството на ЕУ, политиките и програмите за финансирање со цел да се осигура социјален излез од кризата со тоа што ќе се започне со инвестирање во социјален, иновативен и одржлив раст;
- Да се користат структурните фондови во поддршката на основните права за лицата со попреченост низ цела Европа. Да се придржуваат до општите ex-ante услови во поглед на не-дискриминацијата, еднаквост на родовите и попреченоста согласно Анекс IV од предлогот на Комисијата за регулативата за заеднички одредби.
- Да се престане со осиромашувањето на лицата со попреченост и нивните семејства преку имплементацијата на мерките за штедење на ниво на држави членки и да се преземат сите потребни иницијативи, како и да се воведат сите потребни политики и акции за заштита на лицата со попреченост и нивните семејства од нови форми на исклучување, сиромаштија и дискриминација кои ги носи кризата.

ЕДФ и нејзините членки од близу ќе ги следат идните развитоци и акции што ќе ги преземаат владите и ќе се мобилизираат против мерките за штедење преку употреба на сите можни демократски и правни инструменти со цел да се слушне гласот на 80 милиони европски граѓани со попреченост.

### Движењето за попреченост креираше заедничка веб страна за најдобри практики

Европската лотарија и Европскиот форум за попреченост го објавија започнувањето на веб страната за најдобри практики во однос на тоа како националните лотарии низ цела Европа можат да придонесат за подобрување на животот на 80 милиони европски граѓани со попреченост. Веб страната For Inclusion – www.forinclusion.org ги собира на едно место најдобрите практики од цела Европа, кои заеднички се идентификувани од страна на членовите на Европските Лотарии (ЕЛ) и Европскиот форум за попреченост (ЕДФ). Веб страната ги исполнува високите критериуми за пристапност кои се дизајнирани за да се во согласност со насоките за пристап до содржините на мрежата. Веб страната ќе биде постојано надоградувана бидејќи членките на ЕЛ и ЕДФ во државите членки на ЕУ ќе пишуваат за најдобрите практики.

Веб страната беше заеднички развиена од страна на ЕЛ и на ЕДФ членките за време на состанок во канцелариите на една од членките на ЕЛ, La Francaise des Jeux, и е дел од усогласената соработка помеѓу двете организации во 2011 година.

ЕЛ и ЕДФ ја поттикнуваат соработката помеѓу националните лотарии во Европа и националните совети на лица со попреченост да работат заедно на национално ниво и да преземаат конкретни активности во овие полиња. Во изминатите години, членки на ЕЛ и на ЕДФ одржувале состаноци на национално ниво, работеле заедно за да видат како може соодветните лотарии да помогнат во целосната инклузија на лицата со попреченост во општеството. Резултатите од нивната работа ќе бидат претставени на веб страната “For Inclusion”.

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во Европската Инклузија

# ПОСЕБЕН ФОКУС: Права за сите деца!

***Извештајот е главниот исход на проектот "Права за сите деца!" воден од Европската Инклузија, Eurochild и Универзитетот Чарлс од Прага со финансиска поддршка од DAPHNE III програмата на Европската комисија.***

Европскиот извештај фрли светлина врз ситуацијата на децата со интелектуална попреченост.

По двегодишно исцрпно истражување, Европскиот извештај за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на детето за деца со интелектуална попреченост беше официјално презентиран на конференција во Брисел.

Европскиот извештај заедно со индивидуалните национални извештаи кои ги опфаќаат 22 држави членки на ЕУ ќе служи како алатка за лобирање за НВОи кои работат за зајакнување на заштитата на децата со интелектуална попреченост во нивните земји.

Извештајот е главниот исход на проектот "Права за сите деца!" воден од Европската Инклузија, Eurochild и Универзитетот Чарлс од Прага со финансиска поддршка од DAPHNE III програмата на Европската комисија.

Проектното истражување длабински ги прегледа преземените акции од страна на европските влади за имплементирање на Конвенцијата на ОН за правата на детето во областа на злоупотреба, образование, семејна поддршка и живот во заедницата, здравство и учество; со особен фокус на децата со интелектуална попреченост.

Извештаите беа официјално презентирани пред јавноста на завршна конференција во Брисел во присуство на регионалниот претставник на Високиот Комесар за човекови права при ОН, делегати од Советот на Европа, УНИЦЕФ и Агенцијата за основни права на ЕУ како и НВОи кои делуваат во областите на права на лица со попреченост и деца.

### Имплементирање на правата на децата

Резултатите покажуваат дека 22 години по усвојувањето на Конвенцијата за правата на детето нејзината имплементација во однос на децата со интелектуална попреченост е далеку од задоволителна во сите пет области. Заштитата од злоупотреба на децата со интелектуална попреченост е оценета како просечна од страна на националните експерти и воедно како најслаба област (21 процент) на која следи унапредување, учество и анти-дискриминација (27 проценти) и семејство и деинституционализација (31 процент). Областите образование (34 проценти) и здравство (35 проценти) добиле малку повеќе внимание од властите.

Проценката на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето се заснова на пристапот кој го имаат државите потписнички кон подобрувањето на ситуацијата на децата со интелектуална попреченост, влијанието на конкретните планови, законодавството и нивното влијание (примена) врз животот на овие деца и претставува постојана потрага по подобрување на релевантните стратегии.

Еден од клучните проблеми, за кој укажуваат националните експерти, е недостатокот од докази и информации за деца со интелектуална попреченост или за преземени акции за заштита на нивните права. Сето ова го прави скоро невозможно имплементирањето на Конвенцијата и мониторингот за оваа "невидлива" група на деца. Иако се документирани одреден број на релевантни и добри практики, пилот проекти и програми за обука, системската промена во имплементацијата на правата на децата во однос на овие деца е очигледно дека недостасува. Владите треба да ја преземат одговорноста и да обезбедат заштита на ранливите деца, а не да се потпираат на проекти од НВОи и нивни иницијативи.

### Семејна поддршка и живот во заедницата

Конвенцијата на ОН за правата на детето и Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост го признаваат правото на детето да живее во заедницата и во семејна средина. Сепак, семејствата кои се грижат за своите деца не ја добиваат соодветната поддршка. Иако навистина постојат одредени сервисни служби во местото на живеење, нивната достапност и нерамномерна географска распределеност претставува проблем за повеќето семејства. Слично на тоа, советувањето, времeното опфаќање или личната асистенција како сервисни служби се крајно ограничени или воопшто не постојат. И покрај даденото внимание на деинституционализацијата, нема соодветна стратегија и инвестиција во инклузивна алтернативна грижа, особено згрижувачката. "Финансирање на поддршката за семејства и сервисни служби во местото на живеење, вклучително и можности за школување имаат суштинска улога во стопирање на сместувањето на деца со интелектуална попреченост во институциите", се заклучува во извештајот.

### Инклузивно образование?

Во сите земји, експертите нотирале одредено ниво на "заложби" за инклузивното образование во националното законодавство или политики. Сепак, кога станува збор за деца со интелектуална попреченост владите не успеваат да ги пренесат овие политики во практика, а тоа е уште понагласено кај средното образование. Земјите известуваат за успеси во инклузивното образование кај поедини ученици, но очигледно е дека недостасува системски пристап.

Недоволната поддршка во редовните училишта и недостатокот на обучен персонал и ресурси можат да доведат до ситуација децата да се шетаат напред-назад помеѓу редовните и посебните училишта. Слично

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во Европската Инклузија

на тоа, ограничениот пристап до редовно образование на секундарно ниво и отсуството на поддршка во преминот помеѓу основното и средното образование се суштински фактори кои честопати допринесуваат за нарушени образовни патишта на децата со интелектуална попреченост во споредба со другите ученици. Како дополнение, во некои земји, поддршката за инклузивно образование веќе е во незавидна ситуација поради кратењата во јавните трошоци што се воведоа за справување со економската и финансиската криза.

### Пристап до здравствена грижа

Децата со интелектуална попреченост, во принцип, го имаат истиот пристап до здравствена грижа како и другите деца. Сепак, во земјите со ниска универзална здравствена опфатеност, трошокот за здравствена грижа за деца со интелектуална попреченост мора да го сносат родителите. Во однос на обезбедувањето здравствени сервисни служби, семејствата се пожалиле за недостаток на свесност и компетентност на медицинскиот персонал да се грижи за нивното дете со интелектуална попреченост, особено во случаи на деца со сложени потреби или комбинирани попречености.

Поради проблеми во соработката и бариери во комуникацијата помеѓу докторот и детето, денталната грижа претставува вистински предизвик. Проблемите со менталното здравје кај децата се понекогаш превидени или препишани поради попреченоста.

Бидејќи обезбедувањето на поддршка во здравстената грижа е оскудна, родителите честопати се потпирале на групи за само-помош кога барале информации или “совети” за “добри” доктори или како да го обезбедат најдобриот здравствен третман за своето дете.

### Злоупотреба

И покрај признанието дека децата со интелектуална попреченост се високо ранлива група подложна на физичко, ментално или сексуално насилство, не постојат специфични стратегии или политики за спречување и борба против злоупотребата на деца со интелектуална попреченост или други деца со попреченост. Општите детски и превентивни програми не ги земаат предвид специфичните услови на децата со попреченост.

Понатаму, премалку се знае за формите на злоупотреба кај децата со интелектуална попреченост. Проблемите со комуникацијата, разбирањето, претставувањето или концентрацијата ги зајакнува вкоренетите предрасуди. Како резултат, кредибилитетот на детето честопати е доведен во прашање, а сторителите не се гонети.

Едукацијата на деца со интелектуална попреченост за препознавање на злоупотреба не е достапна во најголемиот број на редовни училишта, посебни училишта или сервисни служби за лица со попреченост. Ниту постои доказ дека родителите добиваат такви информации. Најголемиот број на студии на случаи за малтретирање кои ги пријавиле семејствата или самите деца всушност се случувале во училиштата. Стравот на родителите од малтретирање води кон нездраво ограничување на интеракциите на нивните деца со врсниците без попреченост.

### Децата треба да се слушнат!

Мислењето на децата со интелектуална попреченост мора да се слушне и да се земе предвид, како и што е овековечено во Конвенцијата за правата на детето. Децата мора да се водат кон учество и да се вклучуваат уште од рана возраст. Веќе во основните училишта децата треба да се обучуваат за самозастапници и полноправни членови на општеството. Ова е еден начин на борба против стигмата и предрасудите кон децата со интелектуална попреченост.

Работата со медиумите е уште една област каде има уште многу да се прави; соработката со медиумите е незаменлива за подобрување на имиџот на лицата со интелектуална попреченост во општеството и овозможува поитивна слика.

### Што може да се стори

Секоја земја има сопствени предизвици при промовирањето и унапредувањето на правата на деца со интелектуална попреченост како и различни можности за иницирање реформи и промени. Сепак, постојат слични бариери во реализирањето на правата на деца со интелектуална попреченост во сите земји. И покрај позитивните промени или постигнатиот напредок, целосната инклузија се уште е илузорна бидејќи мерките за имплементација не се соодветно дизајнирани или следени, а и ресурсите се несоодветни.

При затворањето на европската конференција, претседателот на Европската Инклузија, Maureen Piggot, ги охрабри сите експерти вклучени во проектот да ги поднесат своите резултати до Комитетот за правата на детето, но и до Комитетот за правата на лица со попреченост, Универзалниот периодичен преглед и други Комитети на ОН со цел да се поддржи вклучувањето на попреченоста во редовните текови како прашање на човекови права: “Искористете ја својата експертиза и работа на ефикасен начин! Придружете се на коалиции на НВОи за да работите заедно во партнерство со цел изготвување на извештаи во сенка. Се надеваме дека овој проект и извештаите ќе создадат позитивен импулс за соработката помеѓу НВОи кои делуваат во областите за правата за лица со попреченост и правата на децата во следење на имплементацијата на двете конвенции и во подготовките на алтернативни извештаи.”

Пренесените искуства од неколку експерти ја докажаа користа од проектот и заедничката соработка за застапување во нивните земји.

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во Европската Инклузија

# Граѓаните со интелектуална попреченост сакаат реална плата за реална работа

***Стратегиите за зголемување на можностите за вработување на работниците со интелектуална попреченост на редовниот пазар на трудот беа во фокусот за време на годишната конференција на Европската инклузија одржана во Брисел минатата недела.***

*На конференцијата учествуваа над 150 учесници од повеќе од дваесет земји, лица со интелектуална попреченост, нивни поддржувачи, членови на семејствата, професионалци, претставници на јавната власт и обезбедувачи на сервисни служби.*



Лицата со интелектуална попреченост можат многу да придонесат за економиите на своите земји. Сепак, недостигот на соодветно образование и обука, лишување од деловната способност, негативните ставови за нивните способности или едноставно недостиг на разбирање за нивните посебни потреби се меѓу главните фактори што стојат зад високата стапка на невработеност кај возрасните со попреченост.

Вработувањето во заштитните работилници или специјализирани претпријатија долги години беше главната опција за лицата со интелектуална попреченост кои бараа работа во многу европски земји. Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост бара промена кон вклучување на работниците со попреченост на отворениот пазар на трудот како клуч за нивната самостојност и социјална и економска инклузија.

Во однос на актуелната тешка економска ситуација, транзицијата кон инклузивни работни средини мора да се прави постепено со цел да се обезбеди дека постојат соодветни алтернативни за работни места на отворениот пазар. За тоа да се оствари, Европа треба да донесе политики за инклузивно вработување што ќе изгради силна врска помеѓу образованието, поттикнувањата за вработување и социјалниот систем.

### Развивање на вештините за вработување

Инклузијата на работното место започнува уште на училиште. Инклузивно и квалитетно образование и вокациона обука на работно место која е ориентирана кон пазарот на трудот е неопходна за да се зголемни конкурентноста на лицата кои бараат работа на отворениот пазар на трудот. Доживотното учење е особено релевантно за работниците со интелектуална попреченост за тие да го задржат своето работно место, да ги одржат своите вештини и способности, и долгорочно гледано да ги развиваат своите кариери.

### Работа со работодавците

Европската инклузија и нејзините организации членки се свесни дека работата со работодавците е суштинска за отворање на нови можности за вработување на лицата со интелектуална попреченост. Тоа опфаќа помагање на работодавците да ги разберат уникатните таленти и посебни потреби на работници со интелектуална попреченост и да им се помогне да ги обезбедат потребните разумни прилагодувања. Успешните приказни од различни земји што беа презентирани на конференцијата докажаа дека со мали персонални прилагодувања, работниците со интелектуална попреченост можат да вршат сложени и значајни работни места, што значи со почетна инвестиција во дополнителна поддршка се исплатат долгорочните дивиденди во бизнисот.

### Справување со замката на бенефити

Унапредувањата во вклученото вработување бараат добро осмислени политики за системска промена. Образованието, вработување и социјалните политики мора меѓусебно да бидат поврзани и да ги охрабруваат лицата со интелектуална попреченост да влезат на пазарот на трудот. Социјалните системи треба да го признаваат дополнителниот трошок за попреченоста и да обезбедат компензација без оглед на работниот статус на лицето.

### Новите лидери во движењето за инклузија и само-застапување

За време на конференцијата, привремениот претседател на Европската Инклузија Maureen Piggot од Менкап беше потврдена на нејзината позиција до 2014 година, а Сенада Халилчевиќ од Асоцијацијата за самозастапување во Хрватска беше избрана како нов лидер на Европската платформа на самозастапници.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Тематски часови: „Што е интелектуална попреченост?"

Една од целите на проектот „Дневен центар за лица со интелектуална попреченост" на ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш, поддржан од Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман", е подигнување на јавната свест во однос на правата и потребите на лицата со интелектуална попреченост. За исполнување на оваа цел, меѓу останатите активности предвидено е и одржување на тематски часови „Што е интелектуална попреченост?" кои се спроведуваат во основните и средното училиште во Општина Радовиш.

На 28.05.2012 година, во просториите на СОУ „Коста Сусинов" се одржа тематски час со ученици од прва година. Целта на овој тематски час беше да се запознаат учениците со лицата со интелектуална попреченост, нивните потреби и можности, да се објасни разликата меѓу интелектуална попреченост и ментална болест во насока да се намалат стереотипите и предрасудите за лицата со интелектуална попреченост. Многу од информациите што им беа презентирани на учениците веќе им беа познати бидејќи во овој клас има вклучено дете со интелектуална попреченост. Самите ученици го кажуваа нивното искуство со прифаќање на оваа ученичка во класот и на кој начин тие и помагаат во совладување и извршување на секојдневната наставна програма и нејзиното прифаќање во училишната средина.



На 30.05.2012 година се одржа тематски час во просториите на ОУ „Никола Карев" со ученици од петтите одделенија. Заинтересираноста на учениците и наставниот кадар за ваков вид на предавања беше голема и ја покажаа со поставување на голем број прашања во врска со карактеристиките на лицата со попреченост, како да ги препознаат и како да им помогнат. Најголем акцент се стави на образованието на децата со интелектуална попреченост, како и за работата со возрасните лица кои се опфатени во дневниот центар -ПОРАКА- како сервисна служба и нивната обука за самостојно живеење.

# Одбележување на велигденските празници во Струмица

Подготовките за одбележување на велигденските празнувања започнаа од средината на март. Во договор со Организацијата на жени на Општина Струмица и Центарот за поддршка на невладини организации беше испланирано заедничко одбележување во просториите на Домот на АРМ на 7-ми април. Од средината на март па се до денот кога беше одбележан Велигден децата и младинците беа креативно ангажирани во боење на вазни со велигденска тематика, боење на велигденски јајца и уредување на кошнички со велигденски јајца, но и креативно изразување преку изработка на предмети кои не се поврзани со велигденската тематика, како на пример држачи за моливи, изработки од слама во различни бои, држачи за слики.

На 7-ми април во просториите на Домот на АРМ, под мотото "Од децата за децата", изработките на децата и младинците од ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица беа изложени на посебно подготвени штандови и посетителите можеа да купат изработки по симболична цена. Освен децата и младинците од ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица, на велигденското одбележување свои изработки имаа изложено и учениците од повеќе локални основни училишта, како од градот, така и од руралните средини. Исто така членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица учествуваа и на Велигденскиот хепенинг организиран во саботата -14 април на кој децата учествуваа во боење и украсување на велигденски јајца



заедно со учениците од основните училишта во Струмица. И двата настани беа медиумски покриени.

Оваа можност беше искористена од страна на претседателката и волонтерите на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица заради поттикнување на комуникациите и контактите меѓу децата и младинците со интелектуална попреченост и децата и младинците од редовните училишта. Од ова искуство можеме да заклучиме прилично лесно прифаќање на децата и младинците со интелектуална попреченост од страна на нивните врсници без попреченост како и постоењето на желба за заедничко дружење.

## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

# Корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш на обука за компјутерски вештини

Библиотеката “Браќа Миладинови” од Радовиш преку Ерсте Фондацијата доби проект за обука за компјутерски вештини за маргинализирани групи на граѓани (невработени лица, пензионери, самохрани мајки) како и за лица со попреченост. Тоа овозможи и корисниците на дневниот центар на ПОРАКА во Радовиш да се вклучат во овој проект.

Првичната соработка со оваа институција како место каде ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш ги одржуваше сите јавни трибини или кампањи за промовирање на потребите и можностите на лицата со интелектуална попреченост, сега продолжува во повисока насока каде лицата со интелектуална попреченост се директни учесници.

Преку обуките за усвојување на компјутерски вештини корисниците би се социјализирале, а преку едукативните игри ќе се работи на усвојување на когнитивни вештини, развој на говорот и моториката.

Задоволството е големо кај корисниците и со секој одминат час се запознаваат со нови вештини кои секој според индивидуалните способности ги усвојува со различен интензитет.



Голема благодарност до библиотеката “Браќа Миладинови” за успешната соработка и вклучувањето во овој проект со што се овозможува пристап на корисниците на дневниот центар до информатичката технологија.

## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

# Рекреација и одбојка

Спортско - рекреативните активности кои пред две години беа започнати со Град Скопје, Сектор за јавни дејности – Одделение за спорт, а се манифестираат како спортување одбојка и рекреација на корисниците на градските плажи на реката Вардар продолжуваат и оваа година. Корисниците на дневниот центар ПОРАКА Скопје од почетокот на месец јуни започнаа да посетуваат игралиште за одбојка на песок.

Се надеваме на продолжување и продлабочување на овие активности со Одделението за спорт.





# Бебе саем

Веќе четири години по ред фирмата “ПАНЕКС” ја организира манифестацијата “Бебе саем”. Оваа година се одржа во периодот од 04-ти до 06-ти мај во С.Ц “Борис Трајковски”.Како и сите изминати години и оваа корисниците на услугите на дневниот центар ПОРАКА Скопје беа присутни со своите изработки и промотивен материјал. Задолжени за функционирањето на штандот на ПОРАКА беа родителите на корисниците и ангажираните лица.

Соработката со ПАНЕКС се надеваме дека ќе продолжи и преку други заеднички активности.

# Социјални активности на дневиот центар - ПОРАКА Скопје

## Активности со АЕГЕ



АЕГЕ претставува младинска, волонтерска организација која го промовира волонтерството во повеќе европски земји. Во Македонија функционира од средината на 90-тите години од минатиот век и досега има реализирано голем број на активности.

Во рамките на програмата “Млади во акција”, АЕГЕ Македонија во месец април реализираше размена и стекнување на искуство во волонтерство кај младите од неколку европски земји во Македонија. Меѓу другите планирани активности беше и реализирање на активности со лица со интелектуална попреченост.

На 20.04.2012 година корисниците на услугите на дневниот центар ПОРАКА Скопје заедно со младите од Македонија, Малта, Кипар, Грција, Украина и Франција реализирааа практични активности во просториите на дневниот центар. Се надеваме на понатамошни позитивни искуства од овој вид.

## Претпремиера на “Малиот принц”



Воспоставената соработка со двајцата актери Македонка и Златко во однос на создавањето театарска претстава како еден мал финален продукт излезе на површина на 30-ти Мај во просториите на Македонскиот народен театар (Театар Центар).

Имено, се она што беше подготвувано изминативе пет месеци од страна на овие актери заедно со корисниците на дневниот центар ПОРАКА Скопје беше претставено како мал сублимат во театарската претстава “Малиот Принц”. Истата беше претставена пред родителите, ангажираните лица и претставниците на РЦПЛИП-ПОРАКА.

Заедничка беше оцената дека оваа активност мора да продолжи и како финална верзија да се доработи претставата која би се прикажала пред поширока публика.

## Велигденска работилница со Црвен крст на град Скопје



Во рамките на активностите за одбележување на големиот христијански празник Велигден беше реализирана работилница со младите од Црвен крст на град Скопје. Активностите се состоеја од бојадисување и декорирање на велигденски јајца во просториите на дневниот центар ПОРАКА Скопје.

Корисниците на дневниот центар заедно со подмладокот на Црвен крст боеја и украсуваа јајца од кои дел беа изложени во просториите на дневниот центар а дел беа донирани кај стари лица од страна на Црвен крст. Активностите со оваа организација продолжуваат и во иднина.

## Продолжува соработката со Институтот за Вајарство

Во рамките на одбележувањето на големиот христијански празник Велигден, на 10.04.2012 г. корисниците на услугите на дневниот центар ПОРАКА Скопје реализираа работилници со студентите од Факултетот за уметност – Отсек Вајарство. Ова всушност претставува продолжување на соработката со оваа институција, кој успешно започна пред две години. Работилниците се одржаа во просториите на Факултетот, а се состоеја од изработка на украсни јајца од гипс, глинамол и хартија (техника каширање). Изработените декорации беа поставени како изложба во просториите на факултетот.

# ПРЕД И ПОТОА

## Текот на процесот на адаптирање и реновирање на објектот за дневен центар за лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Радовиш -


1


2


3


4


5


6


7


8


9


10


11


12


13


14


15

ISSN 0350-5863